## Filmagency Contact

**Subject:** FW: Baranie
**Attachments:**

To: Filmagency Contact <contact@filmagency.gov.mk>

Драги и почитувани колеги и колешки,

Се надевам дека ве наоѓам во здраво расположение. Се надевам дека сериозно ја сфативте опасноста од COVID 19 и се придржувате кон препораките и мерките од Министерството за здравство и Владата на РСМ.

Во текот на вчерашниот ден директорите на Агенцијата за филм и Друштвото на филмски работници побараа средба со Министерот за култура, г. Хусни Исмаили која на наше големо задоволство и благодарност веднаш се оствари.

На таа средба разговаравме за надминување на моменталната ситуација во која се наоѓа филмската дејност; доколку се пролонгира периодот на суспензија истото може да резултира со големи штети на глобално ниво, а за нас како мала земја ова може да предивзвика далекусежни последици за целокупниот филмски сектор. Првенствено, мерките кои ќе ги превземеме се во насока да помогнеме на ранливите категории на филмски работници (freelancers), лицата кои остваруваат мали приходи и тешко ќе го поднесат овој период на суспензија.

За таа цел, иако имаме некои предлози за надминување на состојбата, ве молиме да одговорите во најкраток можен рок на следните прашања:

1. Дали некој од вашите проекти е одложен или имате намера да го одложите?

2. Во која фаза се наоѓаат проектите; За проектите кои се во одредена фаза на реализација - дали исплатата на следната рата би ви помогнало да го завршите проектот и би ви се намалила евентуалната штета?

3. Дали доколку ги одложиме премиерните прикажувања кои во моментот е невозможно да се одржат и ви ги исплатиме последните рати би ви помогнало за намалување на евентуалната штета?